ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:30-159/10**

**Дата: 26.11.2012**

**ДО**
**ОПШТИНА БИТОЛА**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

**Резиме**

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основен буџет (637) на Општина Битола за 2011 година.

При ревизијата беа разгледани и препораките дадени во Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на сметката на основен буџет (637) на Општина Битола за 2007 година. Утврдено е дека од вкупно дадените дванаесет препораки, една препорака е делумно спроведена а останатите се спроведени.

За вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи за 2011 година и за усогласеност со закони и прописи изразено е мислење со резерва.

Во 2011 година од буџетот на Општина Битола исплатени се средства во износ од 9.196 илјада денари на спортски клубови и за социјална помош на граѓаните. За овие исплати Советот на Општина Битола нема донесено програми за развој на спортот како и Програма за социјална заштита, со што е намалена транспарентноста при доделување на средствата.

На вработените во Општина Битола извршена е исплата на надомест за годишен одмор и покрај тоа што со Законот за државни службеници не е пропишана исплата на таков вид надоместок.

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ____________________________

*2.* ____________________________ ______________________

Извршениот попис на обврските спрема добавувачите за 2011 година не е во согласност со Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници поради тоа што не е наведена правната основа и старосната структура на истите. Дел од обврските спрема добавувачите во земјата се искажани во 2012 наместо во 2011 година.

За истакнување е и системската слабост дефинирана во Законот за спорт со чии одредби е дадена можност општините со средства од своите буџети да финансираат спортски клубови (фудбал, кошарка, ракомет и одбојка) кои се регистрирани како акционерски друштва.
Оваа законско решение во делот на финансирање на професионалните клубови, кои веќе се пререгистрирани како акционерски друштва може да придонесе на зголемени општински расходи и тоа за финансирање на акционерски друштва/профитни организации.

За надминување на утврдените состојби дадени се препораки до Градоначалникот и надлежните служби.

На констатациите во Нацрт извештајот за сметката на основен буџет (637) добиени се забелешки кои не се прифатени.

## 1.Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страните од 12 до 14 заедно со ревизија на усогласеност на финансиските извештаи на сметката на основен буџет (637) на Општина Битола, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на промени на изворите на капитални средства и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на сметката на основен буџет (637) на Општина Битола за 2007 година. За реалноста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи за 2007 година е изразено мислење со резерва, а за законското и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи е изразено негативно мислење.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- м-р Владимир Талески, градоначалник на Општина Битола во 2011 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива,

упатства и воспоставени политики.
Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на Општина Битола се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

**2.Цели и делокруг на ревизијата**

2.1. Цел на ревизијата на:

– финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување

– усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за

материјално погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.
При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. е планирана и извршена во периодот од 02.07. до 31.07.2012 година кај Општина Битола од тим на Државниот завод за ревизија .

**3. Осврт на ревизијата од претходната година - спроведување на препораките.**

Ревизијата од точката 1.1. опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2007 година. Во Прилог 3 (прилог кон овој извештај), дадени се резултатите од извршената ревизија на спроведување на препораките презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2007 година.

**4. Наоди и препораки**

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот – предмет на ревизија, на ден 01.08.2012 година.
На ден 12.11.2012 година, примени се забелешки на констатациите на Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор, број 11-543 од 08.11.2012 година од раководен работник од општинската администрација, што не е во согласност со одредбите од член 30 од Законот за државна ревизија каде е наведено дека збелешки може да достават законскиот застапник на субјектот или одговорното лице за периодот предмет на ревизија. Забелешките се однесуваат на констатациите од точките 4.1.1. и 4.2.1., истите се разгледани и е оценето дека истите не се прифаќаат од причина што не се доставени нови релевантни докази кои би имале влијане на промена на ревизорското мислење.

Текстот на забелешките и одговорот на ревизијата се дадени во прилог кон овој Конечен извештај.

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2011 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**4.1. Усогласеност со закони и прописи**

4.1.1. Во 2011 година, на вработените во Општина Битола, е исплатен регрес за годишен одмор во вкупен износ од 1.194 илјади денари. Исплатата е извршена согласно Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Битола за 2011 година.
Исплатата на овој вид надоместок не е во согласност со одредбите од членот 52 став 2 од Законот за државни службеници со кој се регулирани надоместоци на кои имаат право државните службеници, а меѓу кои не е предвидена исплата на надоместок -регрес за годишен одмор. Во Законот за Државни службеници донесен во 2000 година, во членот 96 е уредено дека: со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува примената на одредбите на колективните договори по прашањата кои се уредени со овој закон.
Во Законот за работни односи кој се однесува на вработените во општината кои немаат статус на државни службеници, во рамките на надоместоците нема предвидено исплата на надоместок за годишен одмор.
Исплатите на надоместоци на вработените кои немаат законски основ придонесуваат за незаконско трошење на буџетските средства на општината.
На исплатениот регрес за годишен одмор е пресметан и платен персонален данок.

**Препорака:**
Градоначалникот на општината да одобрува исплата на надоместоци на плата, на кои државните службеници и другите вработени имаат право под услови и критериуми утврдени со Законот за државни службеници.

4.1.2. Попис на обврските спрема добавувачите за 2011 година не е извршен во согласност со членот 31-а и 31-в од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Пописната комисија не извршила проверка и потврдување на реалноста на искажаните износи на обврските, не ја утврдила прававата основа на обврските, не потврдила дека преземените обврски се уредно, хронолошки, целосно и правилно евидентирани во сметководствената евиденција и не ги потврдила причините за неизмирените обврски спрема добавувачите.
Ваквиот начин на постапување го зголемува ризикот од нереално прикажување на средствата и изворите на средствата.

**Препорака:**
При вршењето на пописот на обврските спрема добавувачите да се наведе правната основа и старосната структура на истите, а доколку за одредени обврски не постои уредна документација истите да бидат искажани на посебни пописни листи.

4.1.3. Во 2011 година од буџетот на општина Битола исплатени се средства во износ од 5.225 илјада денари до спортски клубови.
Општините имаат надлежности за развојот на спортот согласно член 22 а од Законот за спорт. За остварување на надлежностите од овој закон, советите на општините и Советот на Градот Скопје или комисијата на општината, општината во Градот Скопје и Градот Скопје надлежна за спортот донесуваат програми на предлог на општинските спортски сојузи и Сојузот на спортови на Градот Скопје. Програмите се финансираат од буџетите на општините и буџетот на Градот Скопје, донации и спонзорства.
Советот на Општина Битола нема донесено програми за развој на спортот што не е во согласност со член 22а од Закон за спорт. Трансферите се врз основа на Одлука на Совет, односно решение од градоначалник. Ова ја намалува транспарентноста во планирањето на буџетските средства, што не е во согласност со буџетското начело за транспарентност (член 3 од Законот за буџетите) кое подразбира достапност и јавност во сите фази на подготвување и извршување на буџетот.

**Препорака:**
Општина Битола да донесе годишна програма за развој на спортот во општината

4.1.4. Исплатени се средства во износ од 3.971 илјада денари по основ на социјална парична помош. Средствата се исплатени со донесени решенија од страна на Градоначалник по претходен предлог од комисија формирана од советот.
Согласно член 11 од Закон за социјална заштита општините обезбедуваат спроведување на социјалната заштита, донесуваат програми за потребите на граѓаните од областа на социјалната заштита, согласно Националната програма донесена од Владата на Република Македонија во која се утврдуваат целите, приоритетите и правците на развој на социјалната заштита на граѓаните. Програмите се доставуваат до Министерство за труд и социјална политика.
Општина Битола нема донесена Програма за социјална заштита согласно член 11 од Закон за социјална заштита.

Од Советот донесена е Одлука за определување на критериумите за одредување на финансиска помош од Буџетот на Општина Битола. Во таа одлука е определено на кои лица може да им се определи финансиска помош и определено по категории колку средства ќе се поделат.
Со одлуката не се разграничени категориите, кои случаи во која категорија спаѓаат, кое придонесува да постои можност за субјективизам при доделување на средствата.

**Препорака:**
Општина Битола да донесе програма за социјална заштита согласно законската регулатива како и да се допрецизираат донесените критериуми.

4.1.5. Во текот на 2011 година на здруженија на граѓаните од Буџетот на Општина Битола се трансферирани средства во износ од 3,196 илјади денари.
Општина Битола нема донесено годишен план и програма за распределба на средства до друштва, здруженија на граѓани и фондации што е спротивно на член 49 став 3 од Законот за здруженија и фондации.
На веб страницата на општината нема објавено кои организации ги добиле средствата како и намените за кои тие субјекти ги добиле средствата што не е во согласност со членот 49 од Законот за здруженија на граѓани и фондации.
Организациите кои добиле средства немаат доставено деловен и финансиски извештај до Општина Битола за користење на буџетските средства.
Оваа има за ефект на нетранспарентно и ненаменско трансферирани средства.

**Препорака:**
- Општина Битола да донесе годишна програма за трансфер на средства до здруженија на граѓани и фондации;
- на веб страницата на Општината да се објават организациите кои добиле средства како и целите на организациите за кои ги добиле тие средства, и
- организациите кои добиле средства да достават деловен и финансиски извештај до Општина Битола за користење на буџетските средства.

4.1.6. На шест вработени лица во Општинскиот одбор на месни заедници - Битола во текот на 2011 година се исплатени средства во износ од 1.713 илјади денари. Општинскиот одбор на месни заедници - Битола функционира со сопствена сметка во Стопанска банка АД Битола, што не е во согласност со Законот за локална самоуправа. Со одредбите на овој закон функционирањето на месните заедници, односно нивните органи е укинато во 2005 година.
Во 2012 година 4 од вработените се превземени на работа во општинска администрација.

Ревизијата не дава препорака поради тоа што во 2012 година затворена е сметката на Месните заедници, и вработените се превземени во Општина Битола.

**4.2. Финансиски извештаи**

**Биланс на состојба**

4.2.1. Обврските спрема добавувачите, во сметководството и Билансот на состојба за 2011 година се искажани во помал износ од 1.067 илјади денари поради неевидентирана документација (фактури, градежни ситуации) кои се однесуваат за 2011 година и се добиени во општината на почетокот на 2012 година, пред изготвување на годишната сметка. Ваквата состојба не е во согласност со членот 19 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и член 18 од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и придонесува за нереално искажување на состојбата на обврските спрема добавувачите.

**Препорака:**
Документацијата за обврските спрема добавувачите добиена до изготвување на извештајот за попис да се евидентира за годината за која се однесува, односно за која се изготвува завршната сметка.

**4.3. Користење на средствата согласно законски прописи**

**Јавни набавки**

4.3.1. Со увид кај дел од спроведените постапки за јавни набавки, ревизијата утврди дека во одлуките за јавна набавка за спроведување на постапка со барање за прибирање на понуди без објавување на оглас во вкупен износ од 614 илјади денари и во одлуките за јавна набавка за спроведување на постапка со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас во вкупен износ од 2.428 илјади денари не се наведени количините на предметот на набавката што не е во согласност со член 28 од Законот за јавни набавки.
Недефинираните количини носат ризик од рационално и ефикасно искористување на средствата во постапките за доделување на договори за јавна набавка.

**Препорака:**
Комисијата за јавни набавки да ги применува законските одредби во поглед на утврдување на потребните количини на набавката.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиските извештаи

Според наше мислење освен за наодите во точките 4.1.2. и 4.2.1., финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на сметката на основен буџет (637) на Општина Битола на ден 31 декември 2011 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точките 4.1. и 4.3. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на сметката на основен буџет (637) на Општина Битола, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Системски слабости

6.1. Согласно член 22-а од Законот за спорт, за остварување на јавниот интерес општините имаат надлежност во областа на спортот и тоа за развој на масовниот спорт, организирање на спортски приредби и манифестации, одржување и изградба на објекти за спорт, поддржување на општинските сојузи како и поддршка и унапредување на спортот, спортските клубови регистрирани на подрачјето на општината.
Согласно член 6-а од Закон за спорт, спортските клубови кои се натпреваруваат во највисокиот степен на натпревари во сениорска конкуренција, во спортови кои се организира сениорски систем на натпревари во повеќе степени во фудбал, кошарка, ракомет и одбојка се регистрираат како акционерски друштва согласно Закон за трговски друштва.
Оваа законско решение во делот на финансирање на професионалните клубови, кои веќе се пререгистрирани како акционерски друштва може да придонесе на зголемени општински расходи и тоа за финансирање на акционерски друштва/профитни организации.

Исто така треба да се истакне и фактот дека согласно Законот за локална самоуправа надлежностите на општините во спортот и рекреацијата се однесуваат на развој на масовниот спорт и рекреативните активности, организирањето на спортски приредби и манифестации , одржувањето и изградбата на објекти за спорт и подршка на спортски сојузи кое не кореспондира со зголемените надлежности со Законот за спорт.

Со можноста за финансирање на професионалните спортски клубови постои ризик општините дел од своите наменски средства наместо за комунална инфраструктура да ги наменат за финанасирање на акционерски друштва без да се има контрола за што истите ќе бидат потрошени.

Скопје, 22.11.2012 година

**ОПШТИНА БИТОЛА**

**СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (637)**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2011 ГОДИНА**

| | | | во 000 денари |
|---|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2011** | **2010** |
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1. | 471.492 | 412.616 |
| **Вкупно приходи** | | **471.492** | **412.616** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати и надоместоци | 3.2.1. | 46.214 | 46.625 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.2.2. | 593 | 463 |
| Стоки и услуги | 3.2.3. | 170.855 | 140.907 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.4. | 39.554 | 23.556 |
| Социјални бенефиции | 3.2.5. | 3.283 | 2.151 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **260.499** | **213.702** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3. | 210.993 | 198.914 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **210.993** | **198.914** |
| **Вкупно расходи** | | **471.492** | **412.616** |

| ОПШТИНА БИТОЛА<br>СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (637)<br>БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ | | | |
|---|---|---|---|
| | | | во 000 денари |
| **Опис на позицијата** | **Образло-жение** | **2011** | **2010** |
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 70 | 145 |
| Побарувања | 4.1.2. | 403 | 403 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 4.1.3. | 52.035 | 56.048 |
| Побарувања од вработените | 4.1.4. | 308 | 142 |
| Побарувања од државата и други институции | 4.1.5. | 87 | 250 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.6. | 129.709 | 67.404 |
| **Вкупно тековни средства** | | **182.612** | **124.392** |
| **Постојани средства** | | | |
| Нематеријални средства | 4.2.1. | 2.470 | 682 |
| Материјални добра и природни богатства | 4.2.2. | 45.903 | 41.026 |
| Материјални средства | 4.2.3. | 423.614 | 151.827 |
| Материјални средства во подготовка | 4.2.4. | 162.017 | 78.903 |
| Долгорочни кредити и позајмици дадени во земјата и странство и орочени средства | 4.2.5. | 1.919.367 | 1.919.367 |
| **Вкупно постојани средства** | | **2.553.371** | **2.191.805** |
| **Вкупна актива** | | **2.735.983** | **2.316.197** |
| **Вонбилансна евиденција - Актива** | 4.3. | **201.630** | **93.938** |
| | | | |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.4.1. | 114.358 | 63.483 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.4.2. | 450 | 466 |
| Обврски спрема државата и други институции | 4.4.3. | 58 | 198 |
| Финансиски и пресметковни односи | 4.4.4. | 11.475 | 0 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.4.5. | 3.368 | 3.257 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.4.6. | 214.919 | 135.892 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **344.628** | **203.296** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.5.1. | 2.391.355 | 2.112.901 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **2.391.355** | **2.112.901** |
| **Вкупна пасива** | | **2.735.983** | **2.316.197** |
| **Вонбилансна евиденција - Пасива** | 4.6. | **201.630** | **93.938** |

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

1. ____________________________
2. ____________________________ ________________________

ОПШТИНА БИТОЛА - СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (637)

ПРЕГЛЕД
НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2011 ГОДИНА

| | | |
|---|---|---|
| | | **во 000 денари** |
| **О П И С** | **Државен јавен капитал** | **Вкупно** |
| | | |
| **Состојба 01.01.2011 година** | **2.112.901** | **2.112.901** |
| | | |
| **Зголемување по основ на:** | **287.932** | **287.932** |
| Набавки | 272.385 | 272.385 |
| Ефект од ревалоризација на материјални средства | 15.547 | 15.547 |
| | | |
| **Намалување по основ на:** | **9.478** | **9.478** |
| Отпис на материјални средства | 120 | 120 |
| Амортизација | 9.358 | 9.358 |
| | | |
| **Состојба 31.12.2011 година** | **2.391.355** | **2.391.355** |

**ОПШТИНА БИТОЛА**
***Сектор за финансиски прашања***

**ОПШТИНА БИТОЛА**
**СЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА**
**-Одделение за администрирање на приходи-**
**Б И Т О Л А**
**Бр.13-сл**
**Дата: 07.11.2012 год.**
**Б И Т О Л А**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Бр. 11-543
08. 11. 2012 20 год.
Б И Т О Л А

**ДО**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**
**Овластен државен ревизор**
**Г-ѓа Лилјана Стојанова**
**ул.Македонија бр.12/3**
**С К О П Ј Е**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
С К О П Ј Е
Примено: 12. 11. 2012
30 1591/8

**ПРЕДМЕТ : Забелешка по нацрт извештајот .**

**Почитувани,**

**Во врска со доставениот нацрт извештај за извршената ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност на Општина Битола, сметки на основен буџет (637) за 2011 година бр. 01 2012 07 32/2 доставуваме забелешки :**

**Точка 5 : Ревизорско мислење.**

**За точката 4.2.1 се констатира помалку искажани обврски 1.067,оо денари, што е настанато поради ненавремена и некомплетирана документација, но многу е важно дека овој износ е незначителен во толкав обем на превземени обврски, а според извештајот се добива впечаток за податок кој влијае за давање мислење со искажана резерва.**

**За точката 4.1.1, се констатира дека исплатата на регрес е извршена согласно Одлука за извршување на буџетот на Општина Битола за календарската 2011 година.**

**Точно е дека во Законот за државните службеници, член 52 став(2) не е наведен како надоместок исплата на регрес, меѓутоа , на мислење сме дека, доколку со подзаконски акт се овозможуват поголеми права, не сме постапиле спротивно на закон.**

**Во овој случај Советот на Општина Битола, донесе подзаконски акт со кој е одобрена исплатата на регрес за кој е и платен персонален данок.**

**Сметаме дека препораката е неоснована, од причини што Градоначалникот на општината не ја одобрил исплатата, туку ја реализирал Одлуката на советот.**

**Останатите наводи во извештајот се соодветни на утврдената фактичка состојба.**

**Со надеж дека нашите забелешки ќе бидат прифатани, однапред Ви благодариме за соработката.**

**Со почит,**

**РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР**
**За финансиски прашања**

**Слободан Бончаноски**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
3

"Булевар 1ви Мај" 61 7000 Битола Република Македонија
тел: 047 234 234; 208 340 факс: 047 238 723 е-маил: битолаЖмт.нет.мк њњњ.битола.гов.мк

**Прилог број 2**

**ОДГОВОР**
**на забелешки на Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор**

На 12.11.2012 година добиени се Забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи со ревизија на усогласеност за 2011 година на сметката на основен буџет (637) на Општина Битола, заведени во Државниот завод за ревизија под број 30-159/8 .
Забелешките се доставени од раководно лице во општинската администрација, спротивно на одредбите од член 30 од Законот за државна ревизија, каде е пропишано дека право на забелешки имаат законскиот застапник на субјектот или одговорното лице за периодот кој е предмет на ревизија .
Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и е констатирано следното:

1. Забелешката на **точката 4.2.1.** која се однесува на констатацијата дека обврските се искажани во помал износ од 1.067 илјади денари и дека истото е незначително, а има влијание на ревизорското мислење, **не се прифаќа**, од причина што при градење на ревизорското мислење ревизорот ја зема во предвид големината и природата на погрешните прикажувања. Оваа точка е една од точките кои имаат влијание на мислењето, но не и одлучувачка.

2. Забелешката на **точката 4.1.1.** која се однесува на исплатата на регрес за годишен одмор, **не се прифаќа,** од причина што субјектот не доставил нови релевантни докази кои би влијаеле на промена на ревизорското мислење. Субјектот во забелешката објаснува дека иако не постои законски основ , советот донел подзаконски акт (Одлука за извршување на буџетот), со кој се утврдени поголеми права од пропишаните со закон и дека препораката е неоснована од причина што Градоначалникот само ја реализирал Одлуката на Советот. Препораката е во функција на отстранување на причините за констатираната состојба, а е упатена на градоначалникот од причина што согласно Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, за извршување на буџетот е одговорен Градоначалникот.